АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.11.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6617 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Прв телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)**

3. **Период опфатен со надзорот:** од 19 до 25 октомври 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 ноември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 14 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално – инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 07.00 до 19.00 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)**, емитуван од 19 до 25 октомври 2015 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 92 ставови 4 и 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 14 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 19 часа 37 минути и 57 секунди музика;
- Ја почитува и обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика - 50% од музиката, утврдена во став 4 на член 92, да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 9 часа 22 минути и 17 секунди, а забавна музика со 8 часа 25 минути и 44 секунди;
- Ги почитува и одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музиката да ја оствари во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше вкупно 8 часа 59 минути и 12 секунди инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик, од кои 4 часа 45 минути и 53 секунди народна, и 4 часа 13 минути и 19 секунди забавна музика.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***